*ТП "РЕВИЗОР БАБАМОВ" СТРУМИЦА*

# И З В Е Ш Т А Ј

**ЗА РЕВИЗИЈА НА КОНСОЛИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ДЕЛОВНАТА 2018. ГОДИНА НА**

**Друштво за производство на предиво и конец**

**ВЕТЕКС АД ВЕЛЕС**

*Струмица, Април 2019. година*

**До**
**Акционерите на Друштво за производство на предиво и конец ВЕТЕКС АД Велес**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ**

***Извештај за посебните консолидирани финансиски извештаи***

Извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на **Друштво за производство на предиво и конец ВЕТЕКС АД Велес**, кои што го вклучуваат: Консолидиран Извештај за финансиска состојба заклучно со 31.12.2018. година, како и Консолидиран Извештај за сеопфатната добивка, Консолидиран Извештај за промени во главнината и Консолидиран Извештај за готовински текови за годината која завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

***Одговорност на мемаџментот за посебните консолидирани финансиски извештаи***

Менаџментот на Друштвото е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со Сметководствените Стандарди прифатени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие консолидирани финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја извршивме во согласност со Стандардите прифатени во Република Македонија. Овие Стандарди бараат ние да ги почитуваме етичките барања и да планираме и извршиме ревизија за да добиеме разумно уверување за тоа дали консолидираните финансиски извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во консолидираните финансиски извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување на консолидираните финансиски извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерата контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи на Друштвото за да обликуваат ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата, исто така, вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки изготвени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на консолидираните финансиски извештаи. Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење***

Според нашето мислење Консолидираните финансиски извештаи ја презентираат објективно, од сите значајни аспекти финансиската состојба на **Друштво за производство на предиво и конец ВЕТЕКС АД Велес** под 31.12.2018. година, на резултатите од нејзиното работење и готовинските текови за годината која завршува со тој ден согласно Сметководствените Стандарди прифатени во Република Македонија.

***Извештај за други правни и регулативни барања***

Менаџментот на Друштвото е, исто така, одговорен за подготвување на консолидираниот годишен извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" број 28/2004, ..., 166/2012). Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија ("Службен весник на Република Македонија" број 158/2010 и 135/2011) е да известиме дали консолидираниот годишен извештај за работа е конзистентен со консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за годината која завршува на 31. Декември 2018. година. Нашата работа во однос на консолидираниот годишен извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во консолидираниот годишен извештај за работата се конзистентни со консолидираната годишна сметка и ревидираните консолидирани финансиски извештаи.

Консолидираниот годишен извештај за работа е конзистентен од сите материјални аспекти со консолидираната годишна сметка и ревидираните посебни консолидирани финансиски извештаи на **Друштво за производство на предиво и конец ВЕТЕКС АД Велес** за годината која завршува на 31. Декември 2018. година.

ТП "РЕВИЗОР БАБАМОВ"
Струмица
12.04.2019. година

Овластен ревизор
Стојанчо Коцев